International Planned Parenthood Federation

European Network

# ПРИРАЧНИК ЗА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

## ЗА ДИЗАЈНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ЗА СЕКСУАЛНИ И ЧОВЕЧКИ ПРАВА ЗА МЛАДИ ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ И НИВНИТЕ ПОСРЕДНИЦИ

**Извадок**

Овој прирачник има за цел да ги поддржува членките на здруженијата на МФПР во дизајнирањето, спроведувањето и евалуацијата на програми за сексуални права за млади лица со интелектуална попреченост и нивните посредници

Keep me Safe

This project is
co-funded by the
EC Daphne III
Programme

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Дафне III Програмата на Европската Унија. За содржината на оваа публикација одговорна е Меѓународната федерација за планирано родителство – ИППФ Европска мрежа и на никој начин не ги рефлектира ставовите на Европската Комисија.*

*Прирачникот не смее да се користи во комерцијални цели*

## За овој прирачник

Овој прирачник е дел од пакет кој се состои од три прирачници:

- **Прирачник за најдобри практики** – Дизајнирање, спроведување и евалуација на програми за сексуалните права и човечките права за млади лица со интелектуална попреченост и нивните посредници
- **Два прирачници за тренинг**:
  - сензибилизирање на посредниците за сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост; и
  - оспособување на младите лица со интелектуална попреченост против сексуална злоупотреба и насилство.

Овој пакет е наменет да се употребува како збир за поддршка на членките на здруженијата на МФПР во воведувањето програми за оспособување на млади лица со интелектуална попреченост против сексуалната злоупотреба и насилство.

Но, овој прирачник  за најдобри практики исто така може да се употребува и одделно.

Интернетската верзија е достапна на адресата www.ippfen.org каде исто така е вклучен и преглед на дополнителни ресурси и алатки со кои можете да се советувате во врска со оваа тема.

## За проектот

Овој пакет беше развиен во рамките на проектот со наслов **„Keep me Safe“ („Чувај ме безбеден“)**. Овој проект со времетраење од две години (2013–2014), има за цел да ги оспособи младите лица со интелектуална попреченост низ Европа да се заштитат самите себеси од сексуална злоупотреба и насилството.

Се работи за европска иницијатива која ќе ги здружи Регионалната канцеларија на Европската мрежа на МФПР како нејзин координатор и 13-те членки на здруженијата.

Проектот ќе ги користи најдобрите практики, експертизата и докажаните стратегии за спречување на сексуалната злоупотреба и насилството на младите лица со интелектуална попреченост од најискусните членки на здруженијата во оваа област, со цел овие знаења алатки и стратегии да се рашират меѓу здруженијата и да се воведе една стратегија за посредување со младите лица со интелектуална попреченост и нивните негуватели во земји со помало искуство.
Проектот работи со три групи на членки здруженија:

- **Експертска група:** 6 членки на здруженија кои имаат голема експертиза и искуство во полето: Белгија, Германија, Ирска, Холандија, Португалија и Обединетото Кралство.
- **Група за учење:** 3 членки на здруженија кои имаат искуство со работата во оваа област, но сепак би имале корист од дополнителна поддршка: Данска, Латвија и Македонија.
- **Влезна група:** 4 членки на здруженија кои утврдиле дека имаат голема потреба од поддршка во нивните земји, но им недостига стратегија за да одговорат на оваа потреба: Бугарија, Кипар, Романија и Шпанија.

Проектот е финансиран од Европската Комисија, Генерален Директорат за правда – Програма Daphne III.

За да дознаете повеќе за овој проект, посетете ја веб-страницата www.ippfen.org.

## За главните учесници

Овој прирачник ги поттикнува најдобрите практики, експертиза и докажаните стратегии за спречување на сексуалната злоупотреба и насилство врз МЛСИП од следните членки на здруженија:

**Associação Para o Planeamento da Família (APF),** Португалија: www.apf.pt

**Family Planning Association (fpa),** Обединето Кралство: www.fpa.org.uk

**Irish Family Planning Association (IFPA),** Ирска: www.ifpa.ie

**Pro familia,** Германија**:** www.profamilia.de

**Rutgers WPF,** Холандија**:** www.rutgerswpf.org

**Sensoa,** Белгија: www.sensoa.be

Овој прирачник го напиша Пол Кејси, менаџер на тренинг во UKfpa, со обемен придонес и повратни информации од колегите кои работат во горе наведените членки на здруженија. Особено би сакале да им се заблагодариме на Анита Бут (IFPA), Анели Кујпер (RutgersWPF), Керен Девилде (Sensoa), Мете Гундерсен (Sex og Samfund, Данска), Мигуел Феио (APF), Мигуел Тудела Де ла Фуенте (UKfpa), Пердита Вингертер (Pro familia Passau), Зигрид Вајзер (Pro familia) и Весна Турмаковска (ХЕРА, Македонија) за нивниот драгоцен придонес во овој прирачник.

Координаторите на проектот, Сара Стандерт и Мериека Вандевиле од Регионалната канцеларија на Европската мрежа на МФПР, го водеа развивањето на овој детален пакет.

Уредници: The Write Effect, Оксфорд, Обединето Кралство: www.thewriteeffect.co.uk

## Содржина


За прирачникот
За проектот
За партнерите

### Вовед

- Зошто нѝ е потребно развивање на специфични програми за млади лица со интелектуална попреченост?
- Што подразбираме под интелектуална попреченост?
- На почеток…

### Обезбедување на организациска посветеност и поддршка, познавање на сопствените сили и идентификација на партнерски организации

- Градење сојузи
- Оцена на организациската посветеност и поддршка
- Оцена на личните сили, обврзаноста кон работата и можните потреби за поддршка во извршувањето на програмите за сексуалност со млади лица со интелектуална попреченост

### Градење на организациски капацитет и знаења

- Оцена на националните и меѓународните услови во однос на сексуалноста, сексуалната злоупотреба и младите лица со интелектуална попреченост
- Познавање и разбирање на законот и другите релевантни правни упатства
- Работа во рамките на една цврста политичка рамка
- Водичи и постапки

### Овозможување на програма со посредници за сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост

- Евалуација на работата со посредници

### Овозможување на програма со млади лица со интелектуална попреченост за нивна заштита од сексуално насилство и злоупотреба

- Земање предвид на специфичните проблеми со кои се соочуваат младите лица со интелектуална попреченост кога одлучуваат за структурата, темите и текот на сесиите
- Други прашања кои треба да се земат предвид кога се подготвуваат сесии со млади лица со интелектуална попреченост
- Евалуација на работата со млади лица со интелектуална попреченост

### Листа со резиме на најдобри практики

**Заклучок**
**Додатоци**
**Референци**

# Вовед

Намената на овој прирачник е да ги поддржи членките на здруженијата на МФПР и нивните партнерски организации во процесот на дизајнирање, спроведување и евалуација на програмите за сексуалните и човековите права на младите лица со интелектуална попреченост и нивните посредници.

Сите оние што работат и даваат поддршка на млади лица со интелектуална попреченост, мора да бидат способни да ги држат во рамнотежа правата на ониешто ги поддржуваат, наспроти потребата за заштита на ранливите поединци од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба. Тие, исто така, треба да ги подржуваат правата на младите лица со интелектуална попреченост за односи засновани врз заемна согласност и слобода на сексуално изразување, без разлика на природата на нивната интелектуална попреченост. Тоа може да биде постигнато со спроведување на проактивни програми, кои активно би ги оспособиле младите луѓе со интелектуална попреченост да бидат безбедни и да се справуваат со сите несоодветни или несакани сексуални контакти и сексуална злоупотреба од страна на други млади луѓе или возрасни.

Овој прирачник ќе ви помогне:

- да ги разберете принципите за спроведување на програмите за сексуални и човекови права со млади лица со интелектуална попреченост;
- да ја разберете позадината која треба да ја знаете за да можете да обезбедите спроведување на такви програми;
- да ја разберете целокупната работна рамка која треба да ја воспоставите за да обезбедите дека програмата е успешна и ги постигнува саканите резултати; и
- да разберете како членките и нивните партнерски организации можат да работат во партнерство за да обезбедат заштита од сексуална злоупотреба на младите лица со интелектуална попреченост.

Овој прирачник треба да се чита заедно со прирачникот за сензибилизирање на посредниците за сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост и со прирачникот за оспособувањена младите лица со интелектуална попреченост против сексуална злоупотреба и насилство, кои содржат идеи за активности и планови за сесии што можете да ги користите со младите лица со интелектуална попреченост и нивните посредници.

Овој прирачник тргнува од претпоставката дека членките и нивните партнерски организации ќе остваруваат тесна соработка во развивањето на програмите, каде членките ќе обезбедат експертиза за сексуалните и човековите права и сексуалноста, а партнерските организации ќе обезбедат искуство и знаења за работата со младите лица со интелектуална попреченост во еден широк опсег на услови.

## Зошто треба да развиеме специфични програми за млади лица со интелектуална попреченост?

Младите лица со интелектуална попреченост можеби се поранливи на злоупотреба од други, од голем број причини кои вклучуваат:

- нецелосно разбирање на нивните права, вклучително и правото да речат „не“, бидејќи можеби никогаш немале прилика да земат учество во структуирани едукативни програми за врските, сексот, сексуалноста и сексуалните граници;
- начинот на кој се социјализирале може да значи дека сакаат да ги задоволат другите и можеби не сфаќаат дека она што им се случува е злоупотребливо;
- можеби имаат потреба, или се охрабрени да се потпираат врз другите, што значи дека можеби се чувствуваат немоќни и зависни од луѓето кои можеби ги злоупотребуваат;
- ако нивното однесување се измени како резултат на сексуална злоупотреба, тоа може да се протолкува грешно, како нешто што формира дел од нивната интелектуална попреченост, наместо како можен показател за сексуална злоупотреба ;
- тие можеби немаат способност да комуницираат добро, бидејќи немаат зборови или способност да им кажат на другите што им се случува; и
- доколку живеат во дом за згрижување, болница или други институционални средини, тогаш можеби научиле да се покоруваат на желбите на луѓето кои се грижат за нив. На тој начин, на другите им е полесно да ги мамат, да манипулираат со нив или да ги тераат да прават нешта што не сакаат да ги прават.

## Што подразбираме под интелектуална попреченост?

Ако некој има интелектуална попреченост, тоа значи дека, во споредба со неговите врсници кои немаат интелектуална попреченост, може да му биде потешко:

- да разбере нови информации;
- да разбере сложени информации;
- да научи нови вештини; и/или
- да се справува независно со секојдневниот живот.

Постоењето на интелектуална попреченост не е еднакво на постоењето потешкотии во учењето или ментална болест, и покрај тоа што некои лица со интелектуална попреченост може исто така да ги имаат и нив.

Постојат разни начини на размислување за интелектуалната попреченост кои ги вклучуваат социјалниот модел и медицинскиот модел. Социјалниот модел на интелектуална попреченост го зема предвид начинот на кој е организирано општеството и како тоа може да влијае врз некого со интелектуална попреченост. Овој модел ги охрабрува оние што работат со лицата со интелектуална попреченост да ги земаат предвид бариерите во општеството кои би можеле да ги ограничат животните одлуки што ги носат лицата со интелектуална попреченост и да наоѓаат начини на кои тие бариери ќе се предизвикуваат и/или отстрануваат, така што лицата со

интелектуална попреченост да можат да живеат еден понезависен живот и да ги контролираат своите животни одлуки.

Медицинскиот модел на попреченост зема предвид на кој начин лицата се попречени заради нивната различност. Воглавно ги зема предвид клиничките аспекти на попреченоста и како тие можат да се лечат или управуваат преку некој вид медицинска интервенција, како на пример терапија или медицински средства. Јасно е дека на некои луѓе со интелектуална попреченост ќе им бидат потребни одредени медицински средства доколку имаат болест за која се неопходни. Но, преголемото потпирање врз медицинскиот модел може да значи дека луѓето со интелектуална попреченост ќе станат премногу зависни од професионалните медицински лица, наместо да развиваат независни вештини. Тоа како последица може да предизвика лицата со интелектуална попреченост да имаат ниски очекувања од самите себеси и од светот што ги опкружува, нешто што во социјалниот модел би било прифатено како предизвик, со обезбедување на стимулирачка средина или активности специјално подготвени за таа намена кои ќе го подобрат нивното самопочитување, како оние содржани во придружните прирачници за оваа програма.

Заради тоа, овој прирачник тргнува од претпоставката дека вашиот пристап ќе го вклучи социјалниот модел на интелектуална попреченост и дека активностите кои се обезбедени во другите придружни прирачници (сензибилизирање на посредници во врска со сексуалните права на млади лица со интелектуална попреченост и оспособувањена млади лица со интелектуална попреченост против сексуална злоупотреба и насилство) ќе ве охрабрат да ги поддржувате лицата со интелектуална попреченост да продолжат да бидат безбедни од зло и да ги подобрат животните шанси во однос на нивните врски и сексуалните потреби.

## На почеток …

Можеби се чини малку прерано на почетокот да најдеме почетна точка и евентуално да спроведеме програма која ќе им биде корисна на посредниците и младите лица со интелектуална попреченост. Пред  да одлучиме кои се приоритетите во вашата земја и вашата организација (организации), ќе биде корисно да извршиме едно почетно мапирање, па некои од информациите содржани во овој прирачник се дизајнирани за да ви помогнат да го сторите тоа. Исто така, ќе помогне да се фокусираме врз тоа кои се вашите планирани резултати за младите лица со интелектуална попреченост и како тие ќе бидат побезбедни од сексуална злоупотреба, како резултат на работата со посредниците или директно со нив. Штом ќе ги идентификувате овие резултати, можете да се фокусирате на деловите од овој прирачник кои се најважни за вашата ситуација, и да препознаете како овие предлози за најдобри практики претставени во секој дел можат да ви помогнат да го направите она што треба.

На пример, ако членките на здруженијата и нивните партнерски организации идентификуваа дека цврстите политики се соодветни за да ја поддржат работата, тогаш можеби е најважно на почеток да се фокусираме на делот со кој се обезбедува дека вашата програма има добра рамнотежа меѓу знаењето и информациите, вештините, чувствата и емоциите, вредностите и ставовите и дека ќе идентификувате еден соодветен редослед по кој ќе се изведуваат активностите.

Ако членките на здруженијата и партнерските организации идентификувале дека постојат многу луѓе кои се квалификувани за директна работа со млади лица со интелектуална попреченост, но не се сигурни за нивниот капацитетот или желбата да работат со прашања кои се однесуваат на сексуалноста, можеби на почеток ќе треба да се фокусирате врз охрабрувањето на квалификуваните лица да го пополнат индивидуалниот список (Слика 2), како начин кој ќе ви помогне да развиете една тренинг-програма за нив, за да се чувствуваат поуверени кога работат со прашања во врска со сексуалноста на младите лица со интелектуална попреченост.

Не заборавајте дека можете меѓусебно да се поддржувате за да идентификувате која е најкорисната почетна точка и запомнете дека можете да ги прилагодите вашите планови во текот на изведувањето на заедничката работа, користејќи ги по потреба соодветните делови од овој прирачник.

# Обезбедување на оранизациска посветеност и поддршка, познавање на личните сили и идентификација на партнерски организации

Пред да започнете каква било програма која има за цел заштита од сексуална злоупотреба на млади лица со интелектуална попреченост, важно е да ги имате посветеноста и поддршката на вашата организација и дека, како поединец, исто така сте свесни за вашите вештини, знаења, вредности и ставови во врска со сексуалноста и младите лица со интелектуална попреченост.

Доколку вашата организација има врски со оддели на владата во вашата земја, или со министри кои ја одредуваат политиката и/или параметрите за финансирање на работата со млади лица со интелектуална попреченост, тогаш можете да ги запрашате на кој начин би можеле да ја поддржат работата која сакате да ја изведете, или на кој начин би можеле да ги рашират знаењата од вашата програма низ земјата, за да поттикнат и други да вршат слична работа. Членките на здруженијате ќе можат да бидат лидери во оваа област, бидејќи веќе ќе бидат ангажирани во застапување и лобирање кај министри и други владини службеници.

## Градење на сојузи

За да може вашата програма да биде што е можно поуспешна, важно е имате предвид какви сојузи и партнерства можете да направите со лица кои носат одлуки и организации кои веќе работат во некое својство со млади лица со интелектуална попреченост. Создавањето на вакви сојузи значи дека тогаш ќе добиете пристап кон посредници и млади лица со кои можете да ја изведете програмата. Ќе треба да ги идентификувате главните лица кои носат одлуки и со кои можете да формирате сојуз, а истовремено да обезбедите дека целта на програмата која сакате да ја изведите им е сосема јасна на лицата кои носат одлуки.

МФПР ви обезбеди неколку алатки кои ќе ви помогнат да ги идентификувате потенцијалните партнери во вашата земја, и тие се вклучени тука:

# АЛАТКА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПАРТНЕР:

Име и цел на партнерска организација –



# Помош за користење на алатката за идентификација на партнер:

## ЦЕЛ

Ќе ви помогне:
- да направите потесен избор на потенцијални партнери; и
- да ги идентификувате целните подгрупи млади лица со интелектуална попреченост. Бидејќи се работи за многу широка група: кои млади лица со интелектуална попреченост се целна група на овие партнерски организации?/со кои млади лица со интелектуална попреченост работат овие партнерски организации?

Оваа алатка е дизајнирана претежно за да одговорите на потенцијалните партнерски организации и за да ја понесете со вас на првата средба со нив. Обидете се да го релаксирате потенцијалниот партнер што е можно повеќе; ова не е испрашување, туку едноставно момент во кој споделувате идеи и да видите како вашата организација и потенцијалниот партнер би можеле да имате придобивка од соработката на овој проект.

## ВОДЕЧКИ ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛНИОТ ПАРТНЕР:

### Име и вид на организација:

Овде се бара името и видот на потенцијалната партнерска организација, па можете да направите список со луѓето со кои сте разговарале.
Видовите може да бидат: училиште, средно училиште, центар за дневна грижа, институција, родителска група, група на заедница, НВО или друго.

### КУТИЈА 1: Опти информации за организацијата

Целта на овие прашања е да дознаете нешто повеќе за дејностите на организацијата во областа млади лица со интелектуална попреченост.

- Кои се главните цели на организацијата/институцијата/здружението? Ако прашате кои се нивните цели, можете да видите дали нивните принципи се во согласност со вашите и исто така и со целите на програмата „KEEP ME SAFE“.
- Што прават? Области на дејност?
- Каде се сместени?
- Кои се нивните партнери?
- Запрашајте за локациите и проектите на кои работат (доколку се применливи), за да можете да добиете слика за нивната експертиза.

## КУТИЈА 2: Потенцијалниот партнер и СРЗП

Штом сте добиле повеќе информации за општата дејност на потенцијалната партнерска организација, можете да поставите прашања за нивниот поглед врз потребата од едукација во областа на СРЗП за млади лица со интелектуална попреченост.

- Ова е пристапна точка каде можете да запрашате дали постоеле случаи во кои се соочиле со проблеми од областа на СРЗП, а со кои не знаеле како да се справат (на пример, мастурбација на јавни места, злоупотреба, љубовни средби, врски, млади лица со интелектуална попреченост кои поставуваат прашања итн)
- Како се справуваат со проблемите од областа на СРЗП?
- Дали организацијата гледа потреба од едукација и услуги од областа на СРЗП? Зошто/зоште не?
- Дали организацијата пружа едукација и услуги од областа на СРЗП?
- Ако е така, на кој начин и што им се пружа на младите лица со интелектуална попреченост?
- За алатките: побарајте да ви ги кажат имињата на успешните алатки кои ги употребуваат кога работат со млади лица/негуватели/институции и како тие алатки функционираат. Доколку сакаат да го споделат тоа со вас, прашајте дали можете да ги видите тие алатки.
- Побарајте од организацијата да ги продискутира двете најглавни области во кои им е потребна најголема поддршка за да бидат во можност успешно да работат со младите лица со интелектуална попреченост во областа на СРЗП. Овие области може да вклучуваат: политики, тренинг, водичи за најдобри практики или клучни алатки за доближување кон младите лица.
- Побарајте од нив да размислат за нивните минати искуства и каква поддршка сметаат дека би им била потребна за (да продолжат со) едукација на младите лица со интелектуална попреченост во врска со сексуалната злоупотреба и насилство.

## КУТИЈА 3: Видови на млади лица со интелектуална  попреченост

- Каков вид интелектуална попреченост имаат младите лица со кои работат?
- Која е нивната возраст, пол и сместување (т.е. дали живеат во институции или со нивните семејства)?
- Дали постојат специфични групи млади лица со интелектуална попреченост на кои е потешко да им се помогне во врска со проблемите од областа на СРЗП? Што може да се подобри за да им се помогне?

## КУТИЈА 4: Најранлива групар

Ова прашање ќе ви помогне да размислите која целна подгрупа има најголеми потреби и дали вашата организација би можела да им помогне.

- Кои се најранливите млади лица со интелектуална попреченост со кои работат? На пример, ако организацијата работи со млади лица со Даунов синдром на возраст

од 14–30 години, тие може да ги класификуваат како најранлива група младите девојки со Даунов синдром на возраст од 16–18 кои живеат во рурални области.

- Зошто вашиот потенцијален партнер смета дека оваа група е најранлива? Може да кажат дека младите девојки во рурални области се најранливи заради изолираноста и половите прашања.

## Оценување на организациската посветеност и поддршка

За да ја оцените ситуацијата во вашата организација, можете да ја употребите следната СВОТ анализа како водич за разработка на предностите, слабостите, можностите и заканите во внатрешноста на вашата организација, која ќе ви овозможи да ги распределите областите во организацијата на кои треба да им обратите внимание за да обезбедите дека вашата програма е успешна.

Еден пример за едноставна СВОТ анализа која можат да ја употребат членките на здруженијата за да ги оценат нивните предности и слабости е дадена подолу во Сликата 1.

Партнерската организација исто така може да ја адаптира оваа СВОТ анализа за да ја провери својата подготвеност да се зафати со оваа работа, додавајќи ја фразата „и програми за сексуалност“ после „млади лица со интелектуална попреченост“ во Делот за можности. За членките на здруженијата и партнерските организации може да биде корисно да ги разменат своите СВОТ анализи, како начин да ја започнат дискусијата за најдобриот начин на кој може да соработуваат и да се поддржуваат едни со други.

Исто така, не заборавајте да проверите дали во вашата организација, или пошироко во вашата земја, постојат некакви алатки со кои се обезбедува дека младите лица со интелектуална попреченост се заштитуваат од сексуална злоупотреба и дека можете да ги употребите тие алатки, заедно со СВОТ анализата подолу, како начин да проверите дека при вашето организациско оценување се опфатени сите важни прашања.

# Слика 1: СВОТ анализа



# Упатство за користење на СВОТ анализа

Оваа СВОТ анализа е дизајнирана како „карта“ која помага во откривањето на тековните капацитети и празнини во вашата организација за да можете да работите со млади лица со интелектуална попреченост на национално ниво. Освен тоа, тоа е еден метод за оценување на потенцијални национални партнерски организации кои сакаат и имаат средства да работат со млади лица со интелектуална попреченост на прашањата кои вклучуваат сексуална злоупотреба .

На СВОТ анализата се подвлечени четири области: предности, слабости, можности и закани. Предностите и слабостите се **внатрешни** показатели кои првично се базираат врз факторите во внатрешноста на вашата организација, како внатрешни способности, ресурси и луѓе, а ќе ја подвлечат способноста на вашата организација да работи со млади лица со интелектуална попреченост. Можностите и заканите се претежно **надворешни** фактори, надвор од вашата организација, и се базираат врз споредни податоци и средината која вашата организација не може да ја контролира, но која влијае на проектот на позитивни и негативни начини. Ако го погледнете светот надвор од вашата организација, ќе можете да откриете национални, но и локални потенцијални партнери кои би сакале и би биле способни да соработуваат со вас.

Целта на СВОТ анализата е да се употреби како една активност во која учествуваат и споделуваат сите вработени и, доколку е можно, корисниците/партнерите за нивните повратни информации. Добро е да се ангажирате тимски во сите четири дела, бидејќи идеите се меѓусебно поврзани во деловите. Овој момент не е време за покажување со прст и критикување; време е за споделување, зајакнување и адаптирање на вашите вештини и капацитети, за да можете да напредувате и да бидете способни успешно да работите со млади лица со интелектуална попреченост. Бидете креативни, не брзајте и вклучете зборови, слики и дијаграми. И запомнете, не постои ниедна лоша идеја, едноставно постои предлог!

## Прв чекор: Предности –внатрешни:

*Што е тоа што вашата организација го прави добро? What does your organization do well?*
Погледнете ја минатата работа што сте ја направиле и размислете кои се двете врвни вештини/експертизи кои ја прават вашата организација да се истакнува. Ова прашање не мора да се однесува директно на младите лица со интелектуална попреченост; дизајнирано е да ги идентификувате вашите предности како организација во општи рамки.

*Кои се особените ресурси и алатки кои можете да ги употребите за да им помогнете на младите лица со интелектуална попреченост?*
Размислете за минати активности и ресурси кои ги развила вашата организација, бидејќи сакате да ги искористите тие ресурси и да ги адаптирате на овој проект. Тие ресурси може да бидат вработените, локацијата, канцелариите, претходни пакети кои

сте дизајнирале и разни други особени одлики кои ги има вашата организација со кои се истакнува од останатите.

*Што другите сметаат дека се ваши предности?*
Понекогаш е тешко да се анализираат сопствените предности. Размислете за повратните информации што сте ги добиле од финансиери или партнерски организации. Тоа исто така може да биде и индивидуална задача – што придонесувате вие кон проектот како претставник на вашата организација; размислете кои вештини ги имаат вработените кои би биле корисни или соодветни за работата со млади лица со интелектуална попреченост.

*Кои се вашите најголеми постигнувања?*
Ова прашање треба да биде највозбудливо за вашата организација. Размислете за проектите со кои навистина се гордеете и се чувствувате возбудени. Зошто беа успешни и како можете да тоа да го создадете повторно за идна работа со млади лица со интелектуална попреченост?

## Втор чекор: Слабости –внатрешни

*Што би можеле да подобрите за да им помогнете на младите лица со интелектуална попреченост?*
Сега кога ги познавате вашите предности, размислете што би можело /што би се адаптирало за да им помогнете на младите лица со интелектуална попреченост во врска со сексуалната злоупотреба . Дискутирајте дали недостасуваат некои клучни елементи или области кои треба да се подобрат, како на пример способностите или ресурсите.

*Каде би ви била потребна техничка помош за подобрување /започнување работа со млади лица со интелектуална попреченост?*
Ова е клучно прашање за да разберете која членка од експертската група би била најсоодветна за да го постигнете вашиот целосен потенцијал. Дискутирајте во вашата група во кои две области ви е потребна најголема поддршка за да можете да работите со млади лица со интелектуална попреченост - искуство, контакти, тренинг? Бидете специфични и размислувајте  реално за бројот, локацијата и видовите млади луѓе со кои би можеле да работите.

*Што може другите да сметаат за слабост?*
Понекогаш мора да се оддалечиме самите себеси за да ја видиме реалната слика на нашите предности и слабости, па за ова прашање, замислете што би рекло едно надворешно лице за вашата организација од аспект на подобрување, особено во однос на поврзување со млади лица со интелектуална попреченост и СРЗП. Осврнете се на кои било одлучувачки повратни информации што ги имате од корисници или партнери и разгледајте ги областите кои кои ги дискутираат  за подобрување.

## Трет чекор: Можности – надворешни

*Дали некои од вашите претходни, минати или сегашни партнери во моментов работат со млади лица со интелектуална попреченост?*
За ова можеби ќе биде потребно малку пребарување на интернет доколку имате мало познавање на неодамнешното искуство на некоја организација/поединец. Пребарајте ги годнишните извештаи: кој ги финансира? Исто така, прелистајте ги нивните веб-страници за идеи. Дискутирајте дали вашата организација соработувала во минати проекти кои вклучувале млади лица со интелектуална попреченост и проверете ги зачуваните документи, датотеки и зачувани податоци. Побарајте во стари датотеки и дневници, Outlook итн, за да откриете дали имате детали од партнери и потоа контактирајте со нив за да закажете средба. Остварете што е можно повеќе контакти – шансите да најдете потенцијален партнер ќе бидат поголеми.

*Кои национални и локални организации знаете дека имаат искуство со млади лица со интелектуална попреченост,но досега не сте соработувале со нив и со кои од тие партнери би можеле да стапите во контакт?*
Во врска со овие прашања, добро би било да ги погледнете националните и локалните потенцијални партнери, како на пример државните агенции, кои можеби имаат локални иницијативи во вашата област. Дознајте за локалните институции како на пример училиштата, средните училишта и локалните сојузи, како родителски групи во заедницата на вашата организација, бидејќи е добро да започнете од места во кои ги познавате условите и средината која ги опкружува младите лица со интелектуална попреченост. Откријте дали некои колеги имаат врски со националните/локалните организации: на пример, дали ја посетувате истата црква или ѝ припаѓате на истата социјална група? Деталите за контакт со организацијата можете да ги најдете на нивната веб-страница, или можеби сте учествувале на иста конференција и ги имате деталите на некој вработен на визит-картичка.

*Кои други пристапни точки ви се достапни за да влезете во средината која би можеле да ја употребите за да им помогнете на младите лица со интелектуална попреченост?*
Пристапните точки се однесуваат на националните и локалните факторите кои ве опкружуваат, како поволно законодавство, неодамнешни наслови во медиумите во врска со младите лица со интелектуална попреченост или сексуална злоупотреба , или организации кои користат планирање насочено кон поединци. Проучете како може вашата организација да влезе во овие национални и локални пристапни точки и да ги употреби во корист на проектот.

*Дали сите партнери со кои контактиравте би сакале да работат со вас?*
Ова прашање може да се дискутира со осврнување кон истражувањето кое го спроведовте за неодамнешното минато на организацијата. Штом ќе ја завршите СВОТ анализата и се чувствувате доволно сигурни, време е да стапите во контакт со лицето/организацијата за да дознаете дали тие се заинтересирани да учествуваат во проектот. Првиот чекор е да закажете средба со организацијата за да го остварите првиот контакт. За средбата ќе ја имате алатката за мапирање, која ќе ви помогне вам и на вашиот потенцијален партнер да видите што тие можат да придонесат во проектот и кои капацитети им недостасуваат.

## Финален чекор: Закани – надворешни

*Во кои области сте имале потешкотии порано?*
Ако вашата организација му пристапила на ова прашање порано и се соочила со потешкотии, сега е време да испитате зошто и како ова влијаеше врз напредувањето на вашата оргнизација. Учиме од нашите грешки преку нивно преиспитување и соодветна адаптација на нашата работа.

*Од кои причини би се воздржувале да им помагате на млади лица со интелектуална попреченост?*
Ова прашање повеќе се базира врз ситуацијата во вашата земја наспроти слабоститена вашата организација, како што веќе дискутиравте во претходното прашање. Сега а време да се дискутира за практичните работи кои не можете да ги контролирате, но кои ги гледате и можете да ги земете во обѕир кога планирате да работите со млади лица со интелектуална попреченост.

*Какво е моменталното законодавство во однос на младите лица со интелектуална попреченост и СРЗП во вашата земја?*
Направете истражување! Задолжително е да го познавате законското опкружување во однос на работата со млади лица со интелектуална попреченост. Важно е да ја познавате и да се придржувате до политиката на МФПР, како и националното законодавство за заштита на децата, младите лица и ранливите возрасни лица, за да обезбедите дека вашите вработени и младите лица со кои работите ќе бидат безбедни.

*На кои опасности ве изложуваат вашите слабости?*
Осврнете се на вашите слабости и анализирајте ги потенцијалните долгорочни прашања кои тие слабости би можеле да ги предизвикаат во однос на работата со млади лица со интелектуална попреченост, а се во врска со прашања од доменот на сексот. Ако можете да ги препознаете сега, тогаш можете да се соочите со нив, да ги формулирате, и заедно со другите членки на здруженијата, да ги надминете за да го направите проектот успешен!

Штом ќе ја завршите СВОТ анализата, би требало да имате една реална слика за способностите, ресурсите и процесите на вашата организација. Освен тоа, би требало да сте утврдиле во кои области ви е потребно подобрување за да го започнете процесот на поврзување со млади лица со интелектуална попреченост. Од СВОТ анализата, создадена е една листа на потенцијални партнери со кои можете да контактирате, да поттикнете професионална врска и со помош од Европската мрежа на МФПР да сугерирате партнерство со вашата организација за да ги заштите ранливите млади лица од сексуална злоупотреба и насилство.

## Оценување на индивидуалните предности, посветеноста кон работата и можните потреби за поддршка во изведување на програми за сексуалност со млади лица со интелектуална попреченост

Исто како и оценувањето на организациските предности, на поединците во членките на здруженијата и партнерските организации може да им помогне да ги оценат своите лични предности и области за развој за да утврдат кои вештини, знаења и поддршка би им биле потребни во изведувањето на предложената програма за сексуалност. Сликата 2 подолу, изложува во кратки црти некои од прашањата кои можете да ги земете предвид.

Размислете за секоја точка во табелата подолу и оценете се себеси (во која 1 = ниско и 5 = високо) поставувајќи ги следните две прашања за секоја точка во табелата:

- колку компетентен/а (К) сум за оваа точка?
- Колку сум ја вклучил/а (Н) оваа точка во мојата сегашна работа?

Штом ќе го завршите оценувањето, размислете за дејствата кои би можеле да ги преземете за да ги поправите ниските оцени, но не заборавајте да ги вреднувате позитивните аспекти на вашата работа која ја идентификувавте со повисоките оцени. Ќе ви биде од корист да ги продискутирате вашитерезултати со колегите и со вашиот менаџер/надзорник.

# Слика 2: Табела за самооценување

| Како би го оценил/-а моето познавање во врска со…How | К | Н | Дејства кои би можел/-а да ги преземам |
|---|---|---|---|
| законот? | | | |
| значењето на согласност? | | | |
| кој има/нема способност да дава согласност? | | | |
| како да се зачуваат професионалните граници? | | | |
| правата и одговорностите на младите лица со интелектуална попреченост? | | | |
| правата и одговорностите на професионалните лица кои работат со млади лица со интелектуална попреченост? | | | |
| националната политика и упатствата кои се однесуваат на младите лица со интелектуална попреченост? | | | |
| локалната политика и упатствата кои се однесуваат младите лица со интелектуална попреченост? | | | |
| кои се различните облици на сексуална злоупотреба ? | | | |
| практични активности кои може да ја зголемат свеста меѓу младите лица со интелектуална попреченост за различните облици на сексуална злоупотреба? | | | |
| што да им одговорите на младите луѓе кое велат, или покажуваат на | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| други начини, дека биле сексуално злоупотребени? | | | |

| Како би ги оценил/-а моите вештини во … | K | N | Дејства кои би можел/-а да ги преземам |
|---|---|---|---|
| отворен разговор за сексот, врските, сексуалноста и сексуалното здравје со млади лица со интелектуална попреченост? | | | |
| отворен разговор за разни видови контрацепција и сексуално преносливи инфекции со млади лица со интелектуална попреченост? | | | |
| изведување проактивна работа за сексуалноста со млади лица со интелектуална попреченост? | | | |
| пренесување на значајноста на програмите за сексуалност кај млади лица со интелектуална попреченост? | | | |
| пренесување на значајноста на програмите за сексуалност за млади лица со интелектуална попреченост кај нивните родители и негуватели? | | | |
| пренесување на значајноста на програмите за сексуалност за млади лица со интелектуална попреченост кај вашите колеги? | | | |
| препознавање на моите лични потреби за тренинг и поддршка за да се спроведе оваа работа и да се задоволат овие потреби? | | | |

| Како би ја оценил/-а мојата свест и разбирање на … | K | N | Дејства кои би можел/-а да ги преземам |
|---|---|---|---|
| моите лични вредности, верувања и односот кон сексуалноста на млади лица со интелектуална попреченост? | | | |
| вредностите, верувањата и односот на моето општество кон сексуалноста и младите лица со интелектуална попреченост? | | | |
| урамнотежувањето на правата на младите лица со интелектуална попреченост, наспроти значајноста да се обезбеди нивна заштита од сите облици на сексуална злоупотреба ? | | | |
| многукратната дискриминација со која се соочуваат младите лица со интелектуална попреченост, особено во однос на нивните сексуални потреби? | | | |

Оваа табела беше адаптирана од Ц. Фанстон и З. Катрак (2011) *Сексуалносат и интелектуална попреченост: водич во поддршката на постојаниот професионален развој.* Лондон: FPA.

# Градење на организациски капацитет и знаење

Проектот „Keep Me Safe“ на Европската мрежа на МФПР разви два прирачници за тренинг за развивање на работата со млади лица со интелектуална попреченост и нивните посредници. Тие се:

- Прирачник за сензибилизирање на посредниците во врска со сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост; и
- Прирачник за оспособување на млади лица со интелектуална попреченост против сексуалната злоупотреба и насилство.

Користејќи ги овие прирачници за најдобри практики како основа и прирачниците за тренинг за директна работа, секоја членка на здружение ќе биде способна да ја изгради својата способност да тренира посредници за изведба на успешни програми со млади лица со интелектуална попреченост. Ова ќе помогне да се развијат и зајакнат организациските капацитети на членките на здруженијата и ќе влијае врз изградбата на вештини во стратешките партнерски организации.

## Оценување на националните и меѓународните услови кои се однесуваат на сексуалноста, сексуалната злоупотреба и младите лица со интелектуална попреченост

Важно е да знаете или да дознаете:

- дали во вашата земја е отпочната некоја работа за да се оценат сексуалните потреби на лицата со интелектуална попреченост;
- дали е отпочната некоја работа за идентификација на опасноста од сексуална злоупотреба  на такви млади лица; и
- дали вашата земја има некакви национални стратегии, алатки за оценување или предложени начини за спречување и одговор на сексуалната злоупотреба на млади лица со интелектуална попреченост.

Употребете какви било алатки или методи за оценување развиени во вашата земја, бидејќи овие информации ќе обезбедат дека која било програма планирате да ја изведете ќе биде важна за потребите на младите лица во условите на вашата земја.

## Знаење и разбирање на законот и други поврзани правни совети (накратко)

Пред да изведете каква било програма со млади лица или нивните посредници, ќе ви помогне да се информирате добро за следното законодавство и другите поврзани правни совети кои постојат:

- во вашата организација;
- локално;
- национално;
- во Европската Унија (ЕУ);
- интернационално, вклучително и „Меѓународната повелба за човекови права“ на Обединетите Нации, „Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност“ на Обединетите Нации (чија поедноставена верзија е наречена „Се работи за способноста: објаснување на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност“ достапна од УНИЦЕФ и други релевантни инструменти за човекови права како што стануваат достапни; и
- во МФПР, вклучително и „Сексуални права: Декларација на МФПР“ (2008), која е засвоната на клучните меѓународни инструменти за човекови права и авторитетни толкувања на меѓународните стандарди. FPA од Северна Ирска подготви една верзија на Декларацијата за луѓето со интелектуална попреченост, од која постои примерок во Додатокот 1.

Проектот „Keep Me Safe“ разви рамка за мапирање која може да ви помогне да идентификувате и да мапирате што е достапно во вашата земја во врска со младите лица со интелектуална попреченост, сексуалноста и сексуалната злоупотреба . Таа е претставена подолу:

# ВОДИЧ ЗА МАПИРАЊЕ

## Од достапни истражувања и податоци

Дали во вашата земја постојат достапни податоци или истражувања во врска со младите лица со интелектуална попреченост и зачестеноста или нивната ранливост од сексуална злоупотреба и насилство? Доколку постојат, што велат? Изложете накратко.

## Од законската рамка

Важно е да сте запознати со законската рамка во вашата земја, бидејќи законите и прописите може да влијаат врз животот на младите лица со интелектуална попреченост и на интервенциите на посредниците.

Важно е да ја мапирате и анализирате законската рамка во вашата земја, како подготовка за некои специфични вежби подвлечени во прирачникот за сензибилизирање на посредниците во врска со сексуалните права на млади лица со интелектуална попреченост.

Најпрво, проверете дали „Меѓународната повелба за човековите права“ на Обединетите Нации е потпишана од вашата земја и дали се имплементира – според тоа, дали националниот закон е во согласност со меѓународно признатите човекови права.

Најважната рамка за нашата работа во овој проект е „Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност“ на Обединетите Нации. Дознајте дали е потпишана од вашата земја и дали националните закони и прописи се во согласност со Конвенцијата. Како овој закон влијае врз сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост и интервенциите на посредниците?

Поконкретно, барајте национални закони кои се во врска со:

- возраст за давање согласност (за сексуални активности, дали постои разлика меѓу хомосексуалните чинови за мажи и жени? Кога некој е способен да даде согласност според законот? Што се користи за оценување на нечија способност да даде согласност? Кој има и кој нема способност да даде согласност?),
- закони за родителска согласност во врска со пристапување кон сексуални и репродуктивни здравствени услуги,
- закони за сексуални напади (може да постојат различни закони за силување, полов напад, други сексуални кривични дела, полов напад врз малолетници итн),
- што треба да прават посредниците во случај на сексуална злоупотреба ? (должноста да поднесат пријава кај органите на власта, наспроти должноста да ја одржат доверливоста),

- закони во кои сексуалноста и новите медиуми (мобилни телефони, интернет, Фејсбук итн) се вкрстуваат – на пример, закони во врска со „секстинг“, бесрамно изложување. Исто така, погледнете што тоа би значело за сексуалната едукација на младите лица со интелектуална попреченост,
- закони во врска со порнографија – исто така погледнете што тоа би значело за сексуалната едукација на млади лица со интелектуална попреченост,
- дали постои закон со кој се контролира сексуалната активност со некого со интелектуална попреченост – што вели?
- дали постои закон кој се занимава со сексуалната активност меѓу лице со интелектуална попреченост и неговиот социјален работник?
- дали постои закон за недискриминација кој се однесува конкретно на млади лица со интелектуална попреченост?
- закон поврзан со сексуалната работа: дали лицата со инвалидност имаат пристап до сексуални работници? И дали еден посредник може да помогне во нивниот пристап? и
- закони и прописи за сексуална едукација:
    - Дали сексуалната едукација е задолжителна? Доколку е, дали се опфатени и младите лица со сексуална попреченост?
    - Дали постои национална образовна програма? Доколку постои, дали сметате дека е сѐопфатна?
    - Дали постојат упатства за сексуална едукација на млади лица со интелектуална попреченост?

## Од законодавството за заштитата на децата и системите за известување кои треба да ги користите (кои се фокусираат на млади лица со интелектуална попреченост)

Важно е членките на здруженијата да знаат што треба да прават кога некој известува за случај на сексуална злоупотреба кај вас или кај некого од вашата организација (на пр. во тек на разговор или тренинг). Информирајте ги сите проектни партнери и управители вклучени во проектот за национална политика за заштита за деца, специфичните постапки и политиката на вашата организација за заштита на деца– и што треба да се стори доколку медиумите бидат известени за настанот. Исто така, дознајте дали вашите партнери подготвиле  политика за заштита на децата или што прават во случај на сексуална злоупотреба.

- На национално ниво: дали постои политика или закон за заштита на деца и што вели? (Дали сексуалната злоупотреба е категорично дел од нив?)
    - Во случај на сексуално насилство и злоупотреба:
        - Дали дава упатства како да се справите со нив?
        - Дали дава упатства  во врска со доверливоста?
        - Во кои институции треба да се го пријавите настанот? (Ова може да се разликува за различни видови организации – на пр. училишта или домови за згрижување.)
        - Какво информирање ќе следи по известувањето?
        - Како лицето кое го пријави инцидентот ќе биде вмешано во процесот?

- На ниво на институција/партнер: истите прашања треба да бидат поставени во секоја институција/организација која ќе учествува во проектот – дали имаат политика за заштита и што вели, чија одговорност е да пријави и каде и дали политиката е имплементирана?

## Работење во јасна и цврста политичка рамка

Пред да изведете каква било програма со млади лица или со нивните посредници, најдобра практика за членките на здруженија е да проверат дали партнерската организација има цврста, усогласена политика која се однесува на младите лица со интелектуална попреченост, сексуалноста и сексуалната злоупотреба, која ја води работата и помага да обезбедите дека вие и/или посредниците имате политика на која можете да се осврнете доколку се појават какви било прашања за време на планирањето и спроведувањето на програмата. Политиката исто така треба да обезбеди дека сите млади лица со интелектуална попреченост се поддржани во нивните права да ја искажат својата сексуалност на соодветен начин, како и да се заштитени од сексуална злоупотреба.

Ако партнерската организација нема политика, или политиката можеби не ги опфаќа сите области наведени подолу, тогаш ова може да формира дел од плановите за дејства во понатамошно време и не треба да го прекине напредувањето на работата.

Следниот список може да се употреби за евалуација на секоја постоечка политика и упатства на политика за да можете да ги приоритизирате кои било прашања на кои треба да им обратите внимание:

# политика список

| Дали следното постои во вашата политика? | Да | Не | Треба да му се обрне внимание |
|---|---|---|---|
| **Вовед** | | | |
| Име на вашата организација и едно објаснување за кого е наменета и што прави | | | |
| **Едно објаснување во врска со тоа што е работата за сексуалност и зошто е важна, базирано врз докази** | | | |
| Што е работа за сексуалност? Кои се придобивките? Зошто е важна (вклучително и фактот дека работата за сексуалноста може да помогне во спречувањето на сексуалната злоупотреба )? | | | |
| Како е поврзана работата за сексуалноста со друга работа – на пример, животни вештини и емоционално здравје и благосостојба? | | | |
| Целите на политиката | | | |
| Принципите врз кои е базирана политиката | | | |
| **Закон, политика, советување и должности** | | | |
| Правата на младите лица со интелектуална попреченост, вклучително и правото да ја искажат својата сексуалност и да бидат заштитени од сексуална злоупотреба | | | |

| **Дали следното постои во вашата политика?** | **Да** | **Не** | **Треба да му се обрне внимание** |
|---|---|---|---|
| Одговорности на посредниците кои работат со млади лица со интелектуална попреченост | | | |
| Законот кој се однесува на младите лица со интелектуална попреченост | | | |
| Должност за грижа | | | |
| Ментален капацитет | | | |
| Согласност | | | |
| Доверливост | | | |
| Приватност | | | |
| Заштита на децата и младите со интелектуална попреченост | | | |
| Вклучителни практики во однос на возраста, попреченоста, родот, бракот или регистрирано партнерство со лице од истиот пол, раса, религија или вера, пол и сексуална ориентација (во зависност од законот за рамноправност во вашата земја) | | | |
| **Советување за специфични прашања поврзани со младите лица со интелектуална попреченост, вклучително:** | | | |
| Јавно и приватно однесување | | | |
| Несоодветно сексуализирано однесување | | | |

| **Дали следното постои во вашата политика?** | **Да** | **Не** | **Треба да му се обрне внимание** |
|---|---|---|---|
| Мастурбација | | | |
| Интимно допирање – безбедно и небезбедно | | | |
| Полови односи | | | |
| Прашања во врска со полот | | | |
| Прашања кои се однесуваат на трансродноста | | | |
| Полова ориентација | | | |
| Брак, регистрирано партнерство со лице од истиот пол, кохабитација | | | |
| Избор при бременост, вклучително и продолжување на бременоста и задржување на бебето, давање на бебето за посвојување, абортус | | | |
| Родителство | | | |
| Контрацепција, вклучително и стерилицизација на мажи и жени | | | |
| Безбеден секс и употреба на кондоми | | | |
| Сексуално пренесени инфекции | | | |
| Етничка група, култура и религија | | | |
| Порнографија | | | |
| Законски и практични прашања вклучени | | | |

| Дали следното постои во вашата политика? | Да | Не | Треба да му се обрне внимание |
| --- | --- | --- | --- |
| во пристапот кон сексуални работници | | | |
| Други важни прашања во вашата организација или земја | | | |
| **Поддршка и заштита на вработените** | | | |
| Справување со секое несоодветно однесување на млади лица со интелектуална попреченост или други | | | |
| Известување за можна или вистинска сексуална злоупотреба | | | |
| Надзор | | | |
| Пристап кон „експерт“ за сексуалноста во вашата организација | | | |
| Постапки за известување | | | |
| Дискусија за дилемите на членките на здруженија со еден „експерт“ во организацијата | | | |
| Пристап кон тренинг | | | |
| Пристап кон соодветни ресурси | | | |
| **Партнерска работа** | | | |
| Родители и негуватели на млади лица со интелектуална попреченост | | | |
| Други агенции и служби | | | |
| **Надзор и евалуација на политиката** | | | |

| **Дали следното постои во вашата политика?** | **Да** | **Не** | **Треба да му се обрне внимание** |
|---|---|---|---|
| Кој ќе ја надгледува имплементацијата на политиката? | | | |
| Како ќе биде евалуирана работата? | | | |
| Кога ќе се изврши следното преиспитување на политиката (се препорачува еднаш на секои две до три години) | | | |

Табелата погоре е адаптирана од Ц. Фанстон и З. Катрак (2011) *Сексуалност и интелектуална попреченост: водич во поддршката на постојаниот професионален развој.* Лондон: FPA.

## Водичи и постапки

Со оглед на тоа што можеби ќе работите со млади лица со интелектуална попреченост, нивните посредници или со обете групи, постојат специфични прашања кои треба да ги земете предвид, откако сте ја испитале политиката за млади лица со интелектуална попреченост, и треба да обезбедите дека постојат соодветни водичи и постапки кои ќе ги опфатат прашањата и ситуациите наведени подолу.

# Овозможување на програма со посредници за сексуалните права на млади лица со интелектуална попреченост

Кога веќе вашите членки на здруженија склучиле партнерство со организации кои работат директно со млади лица со интелектуална попреченост, и вие сте ги изградиле капацитетот и знаењето на вашата организација во ова определено поле, подготвени сте да предизвикате промени во животот на младите лица со интелектуална попреченост.

Најдобра практика е во вашата програма да имате компонента насочена кон тренинг и сензибилизирање на посредниците. Посредниците се лица како негуватели, учители, родители или социјални работници кои поддржуваат млади лица со интелектуална попреченост и можат да имаат големо влијание врз степенот до кој можат да ги применуваат или да не ги применуваат своите сексуални права.

Подолу се наведени неколку општи совети за овозможување и евалуација на програма со посредници. Меѓутоа, за повеќе совети, вештини и конкретни вежби, ве упатуваме во специфичниот прирачник за тренинг за сензибилизирање на посредници (кој е дел од сѐвкупниот пакет).

## Овозможување на програма со посредници

- Обезбедете дека целта и резултатите од сесијата(-иите) се однапред кажани, така што посредниците ќе имаат една претстава за она што сесијата(-иите) би можела да вклучува.
- Обезбедете дека имате јасни работни договори /основни правила кои ги опфаќаат:

    - доверливост – чување на личните информации во групата со која работите; која добра практика може да се сподели надвор од групата;
    - исклучување на помошникот од договорот за доверливост – што ќе треба да направите ако некој од групата открие дека некое младо лице било повредено или дека се наоѓа во опасност од зло; објаснете ја постапката која ќе ја следите; објаснете ѝ на групата дека секогаш ќе дискутирате за исклучување од доверливоста на лицето на кое се однесува, пред да преземете какви било понатамошни дејства; во секој случај, охрабрете ги сите посредници да ги знаат своите политики и постапки за известување за можна или реална сексуална злоупотреба од друго младо или возрасно лице;
    - секое лице треба да преземе одговорност за своето лично учење и колку че решат да споделат;
    - секој треба да ги употребува изјавите ‘Јас’ што е можно повеќе за да се избегнат генерализации или шаблонизирање и за да биде јасно дека нешто што некој вели е нивен личен поглед или мислење;

- прифатете ги и почитувајте ги останатите – може да постои голема низа искуства и мислења во групата; „различно“ не значи „грешно“;
- во ред е да не се сложувате со нешто што некој рекол; во ред е да се сложувате!
- активно слушајте се едни со други;
- не постои нешто што се нарекува глупаво прашање – посредниците треба да бида охрабрувани да поставуваат прашања за соодветни точки, бидејќи често прашањето на еден може исто така да им помогне и на другите да разберат прашања.

Исто така, треба да обезбедите дека имате соодветен, удобен и приватен простор за работа, со освежувања на соодветни временски периоди.

Ќе треба, исто така, да обезбедите дека опфаќате една соодветна рамнотежа на активности, кои треба да вклучуваат:

- пружање информации кои им помагаат на посредниците да се ангажираат со различни видови млади луѓе;
- со почит да се спротивставуваат на секакви ставови, вредности или практики кои го ограничуваат пристапот на млади лица кон информации или услуги или ги прекршуваат нивните човекови права;
- заеднички/емпириски активности за да можат посредниците да дискутираат меѓусебно и со вас како помошник, во врска со прашањата или идеите; и
- материјали, ресурси и вежби кои им дозволуваат на посредниците да ги искажат своите мислења, чувства, тековните искуства и како би сакале да работат во иднина.

## Евалуација на работата со посредниците

Најдобра практика за која било програма е да утврдите цели и некои резултати од учењето, така што сите кои се вклучени да ја знаат целта на програмата во која учествуваат. Тие ќе ги развиете на почетокот на вашата програма, но можете да ги евалуирате откако сте ја извеле програмата за да видите колку беше ефективна. Подолу е даден еден пример за евалуација од UK FPA:

# ОБРАЗЕЦ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

## Работа со млади лица со интелектуална попреченост во врска со сексот и врските: вовед

**Обучувачи:**: ______________________________________________
**Датум**: ______________________________________________

Би биле благодарни ско го пополните овој образец, давајќи што е можно повеќе информации со што би ги подобрите нашите тренинзи во иднина. Информациите се **доверливи** и ќе бидат употребени за подобрување на идни курсеви.

Целта на овој курс е да ги зајакне и потврди постоечките вештини на искусни професионални лица кои работат со лица со интелектуална попреченост од областа на сексуалноста и сексуалното здравје.
Колку добро ја постигнавме оваа цел?

- ☐ Лошо
- ☐ Делумно
- ☐ Добро
- ☐ Многу добро

Ве молиме оценете колку добро беа постигнати резултатите на курсот.
*Ве молиме оценете ги вашите одговори со заокружување на соодветниот број за секој дел, со оценка од 1 до 5, каде 1 = лошо и 5 = многу добро*

| Резултати од учењето | Лошо | | | | Многу добро |
|---|---|---|---|---|---|
| Ги ажуриравме знаењата во врска со законските прашања и владините упатства во однос на млади лица со интелектуална попреченост | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Анализиравме случаи и дискусија за добрите практики на работно место | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Обративме внимание на вредностите и ставовите и влијанието кое го имаат врз работата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Испитавме низа на тековни ресурси соодветни за млади лица со интелектуална попреченост, и опитни примери на вежби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

Земајќи ги предвид погоре наведените резултати, дали сметате дека, општо земено го зголемивте вашето знаење и/или вештини како резултат од учеството на овој тренинг? (Ве молиме заокружете)

- ☐ ДА
- ☐ НЕ

Што сметате дека беше најкорисно текот на овој тренинг? ______________________

Што, доколку постои, не беше корисно? ______________________________________

Што би измениле на вашето работно место, како резултат на овој курс? __________

Курсот (ве молиме заокружете)

| | Многу спор | Соодветен ритам | Пребрз |
|---|---|---|---|
| Брзина на курсот | | | |
| Ниво на курсот | | | |
| Прилики за учество | | | |
| Печатени материјали и брошури | | | |

Како би го оцениле обучувачот/-ите во однос на организацијата, знаењето и вештините за помагање? ____________________________________________________________

Ако имате други коментари за курсот, ве молиме напишете ги подолу: ____________

Дали би им го препорачале овој курс на оние кои изведуваат слична работа? (ве молиме заокружете)

Да Не

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ**

# Овозможување на програма за млади лица со интелектуална попреченост за нивна заштита од сексуално насилство и злоупотреба

Штом сте ги ангажирале посредниците и нивните институции или опкружувањето како сојузници за промена, ќе ве поддржуваат во заштитата на сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост во нивниот секојдневен живот и рутина. Подолу, вклучивме некои општи совети за дизајнирање, овозможување и евалуација на програма за млади лица со интелектуална попреченост. Меѓутоа, повеќе совети и конкретни вежби се достапни во конкретниот прирачник за тренинг за оспособување на млади лица со интелектуална попреченост против сексуалната злоупотреба и насилството (кој е дел од сѐвкупниот пакет).

## Земање во обѕир на спефичните прашања со кои се соочуваат младите лица со интелектуална попреченост кога решаваат за структурата, темите и редоследот на сесиите

Младите лица со интелектуална попреченост можеби не се способни да добијат пристап до специфични информации достапни на нивните врсници без интелектуална попреченост, заради тешкотии во писменоста, когнитивни тешкотии или бидејќи се потпираат врз други да им помогнат да дојдат до тие информации. Затоа, може да биде тешко да се одлучи што едно младо лице со интелектуална попреченост знае или би сакало да знае. Достапни ви се публикувани материјали кои можете да ги употребите за да го оцените знаењето и разбирањето на младите лица со интелектуална попреченост за сексуалноста, за да можете да ја прилагодите програмата директно на нивните потреби. Примери за оценувањето кои можете да ги употребите ја вклучуваат публикацијата „Големото прашање? Оценување на сексуалното знаење“ од NHS Lothian, Обединето Кралство и „Алатка за оценување на сексуалното знаење и однесување“ од Me-and-Us, достапна на веб-страницата www.me-and-us.co.uk/assessmenttool.

Ако немате пристап до овие алатки за оценување, можете самите да направите една едноставна алатка доколку направите еден список со теми (како оние во тебелата подолу) и да ги запрашате младите лица со интелектуална попреченост да изберат теми кои ги интересираат најмногу. Доколку не можат да го направат тоа, ќе треба да ги вклучите темите дизајнирани да им помогнат да се заштитат себеси од сексуална злоупотреба.

За да обратите внимание на овие теми, важно е  програмата која имате намера да ја изведете да има соодветна рамнотежа на информации, вештини, препознавање и справување со чувства и емоции и ставови и вредности. Табелата подолу ги резимира видовите на теми кои треба да ги земете предвид, во зависност од потребите на

вашите учесници и нивните претходни знаења. Постојат специфични прашања кои можеби треба да бидат внимателно предадени.

Прашањата означени со ѕвездичка (*) се оние кои треба да се приоритизираат за да се обезбеди дека младите луѓе се заштитени од злоупотреба, но најдобра практика би била да се вклучат што е можно повеќе од прашањата наведени подолу, во текот на планирани серии на сесии и постепено. Некои прашања ќе треба да се повторуваат, во зависност од потребите на учесниците. Табелата не е последователна; ќе ви треба почетна точка која ќе биде соодветна за поединец или група на млади лица со интелектуална попреченост.

| Знаење и информации | Вештини | Чувства и емоции | Ставови и вредности |
|---|---|---|---|
| Познавање на моето тело | Давање дозвола* | Препознавање на моите чувства* | Како се гледам себеси |
| Свест за телата на другите | Одбивање дозвола* | Препознавање на чувствата на другите | Што сметам дека е вредно на мене |
| Фонд на зборови за половите органи на телото * | Користење на јазикот за прашување и иницијатива | Справување со моите чувства | Што ценам на другите |
| Сличности и разлики меѓу мажите и жените | Користење на јазикот за одбивање* | Покажување на чувства преку јазикот на телото и гестови* | Што мислам за родот |
| Растење и телесни промени | Препознавање на соодветни барања* | Вербално искажување на чувства: јазикот на чувствата* | Што мислам за сексуалноста |
| Допир: добар и лош * | Препознавање на несоодветни барања * | Препознавање и справување со сексуалните чувства | Што мислам за сексуалната злоупотреба * |
| Приватни делови на моето тело* | Препознавање на опции | Чувства за моето тело | Што мислам за разните сексуални ориентации и различните сексуални активности |
| Јавни и приватни простори * | Велење „да“' и „не“ на опциите* | Чувства за „Кој сум јас“ (самопочитување) | Што мислам за луѓето кои го допираат моето тело* |
| Врски: семејство, пријатели и сексуални врски | Барање помош* | Што ме прави да се чувствувам среќен/-а, тажен/-а, лут/-а * | |
| Познавање на | Барање | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| можните последици од ризикување | информации | | |
| Знаење како да се пријави сексуална злоупотреба * | Преземање и справување со ризици (односно, што сакам да постигнам со преземањето ризик?) | | |
| Познавање на мојот личен простор, границите за допир и сексуалните граници * | Препознавање на соодветен и несоодветен допир * | | |
| Мастурбација и интимно допирање | Кажување некому дека си бил/-а сексуално злоупотребен/-а* | | |
| Врски, вклучително и сексуални | Препознавање на личниот простор на другите, граници на допирање и сексуални граници | | |
| Избори при бременост, вклучително и продолжување на бременост и задржување на бебето, давање на бебето за посвојување, абортус | Како да преговарате и да се спогодувате | | |
| Родителство | Како да му покажете некому дека се грижите за него | | |
| Контрацепција | | | |
| Побезбеден секс и користење кондом | | | |
| Сексуално преносливи инфекции | | | |
| Пол,етничка група, култура и религија | | | |
| Сексот и законот кој ја вклучува возраста на согласност и што значи согласност | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Порнографија | | | |
| Законски и практични прашања поврзани со пристапот кон комерцијален сексуален работник | | | |
| Кои било други релевантни прашања за вашата земја или организација | | | |

Кога ги планирате прашањата, ќе биде потребно да ги земете предвид исто така и методите кои ќе ги употребите за да обезбедите дека сè им е достапно на младите лица со интелектуална попреченост кои учествуваат. Во прирачникот за млади лица со интелектуална попреченост постојат препорачани активности кои можете да ги употребите, но треба да обезбедите дека:

- имате избор на визуелни помошни средства и прибор достапни за поддршка на главната тема на сесијата;
- не заборавивте да ја резимирате работата од претходната сесија пред да започнете со денешната и да објасните како се меѓусебно поврзани;
- ги повторувате информациите на различни начини, употребувате различни нивоа на јазик, како што е соодветно;
- ја поврзувате работата што ја правите на сесиите со секојдневниот живот и рутината на младите лица со интелектуална попреченост, за да можат да создадат разбирливи врски со нивниот сопствен живот и да размислуваат како да се чуваат себеси безбедни; и
- истакнувате дека сексуалните чувства се вообичаени за секого и дека истражувањето на сексуалните чувства, самостојно или со други кои се согласиле, е вообичаено за младите возрасни лица.

## Други прашања кои треба да ги земете во обѕир кога ги подготвувате вашите сесии со млади лица со интелектуална попреченост

Ако работите во јасна и цврста политичка рамка која има придружно советување, како што е прикажано во делот погоре, тогаш веќе сте идентификувале голем дел од темите или прашањата кои треба да се вклучат. Меѓутоа, исто така треба да ги земете предвид конкретните потреби на групата со која ќе работите, како што следува:

- Дали секој член на групата дал согласност за учество? (погледнете го делот во прирачникот за млади лица со интелектуална попреченост како еден пример за користење образец за согласност на членови на група.)
- Дали постои оценка на потребите на оваа група?
- Дали имате оценка на сексуалните знаења на секој член на групата?

- Дали сте предложиле структури за настава и учење, соодветни на потребите на групата?
- Дали сте преговарале за јасен договор за работа со групата кој вклучува што ќе треба да правите ако некој член на групата открие дека тој/таа е во опасност од зло или бил/била повреден/-а или сексуално злоупотребен/-а?
- Дали структурата на сесиите (на пример, должината на сесијата, бројот на активности во сесијата) се соодветни за младите лица во вашата група?
- Ако опфаќате повеќе од една тема во текот на различни ссесии, дали сте размислиле за редоследот на теми кој ќе им биде од најголема помош на учесниците?
- Дали сте ја идентификувале клучната порака за секоја сесија која ќе ја изведувате?
- Дали во вашите материјали се вклучени различните полови или полови ориентации?
- Дали сте размислиле за вашите лични и проефсионални граници и како ќе работите во нив?
- Дали сте размислиле како ќе го поставите ритамот на учење така што на сите да им е удобно и да има доволен простор за извршување на активностите?
- Да ли сте обезбедиле дека ресурсите кои планирате да ги користите ги исполнуваат потребите на учесниците и дека се чувствувате уверени кога ги користите?
- Дали имате резервен план за сесиите во случај работите да не одат како што е планирано?
- Дали сте размислиле што ќе направите ако младите лица со интелектуална попреченост откријат лични податоци за нивната сексуалност?
- Каква поддршка и надзор се потребни за да се изведе работата?

Дополнително, откако сте им помогнале на младите лица со интелектуална попреченост да станат свесни за своите права и одговорности во врска со разните области на сексуалноста, исто така ќе треба да објасните дека сите влади и/или агенции не ги исполнуваат своите одговорности. На пример, и покрај тоа што постојат голем број на достапни, ефективни методи за контрацепција, сите не се достапни во секоја земја, па така, младите лица со интелектуална попреченост може да почувствуваат  фрустрација кога го бараат она што го сакаат. Би било корисно да им се објасни дека постојат организации кои се залагаат за промена, така што младите лица со интелектуална попреченост да знаат дека се бара решение за прашањата кои ги поставиле.

## Евалуација на работата со млади лица со интелектуална попреченост

За да научите од работата која сте ја извршиле и за да развиете идни програми, важно е да ја евалуирате работата што сте ја направиле.Постојат многу начини на кои можете да ја евалуирате работата со млади лица со интелектуална попреченост, во зависност од нивното ниво на способност.

Примерите вклучуваат:

- обезбедете еден список со изјави со кои можат да се согласат или да не се согласат, со ставање на палец завртен нагоре (кога се согласуваат) или палец завртен надолу (кога не се согласуваат). На пример: „Се чувствувам

самоуверено да речам „не“ кога некој бара од мене да направам нешто што не сакам“ или „Знам каде да се обратам за помош кога некој ме повредува.“;
- обезбедете еден лист на кој ќе стојат некои изјави, кои можат да ги заокружат (како во примерот погоре) доколку знаат да читаат и пишуваат;
- прочитајте наглас некои изјави и прашајте ги сите да подигнат картичка со знак за штиклирање (✓) ако се согласуваат, или картичка со крст (×) ако не се согласуваат; и
- дајте им на учесниците картичка со насмеано лице (☺), неутрално лице (😐) или тажно лице (☹) и побарајте пред да заминат, да стават една од овие картички во кутија за да покажат дали се задоволни од сесијата и дали научија нешто од неа.

Кој било метод да го одберете, може да биде претворен во еден завршен ритуал за групата, за да им помогне да разберат дека се приблжува крајот на сесијата. Можете да дознаете повеќе за ритуалите за започнување и завршување во останатите придружни прирачници.

# Список со резиме за најдобри практики

Понекогаш може да биде тешко да ги следите важните најдобри практики што се составни делови на една кохерентна работна програма.Табелата подолу може да ви помогне да размислите дали сте ги опфатили важните елементи и да ја идентификувате работата што можеби преостанува да ја направите.

| **Организацијата…** | **✓ или ×** |
|---|---|
| …има добро разбирање зошто специфичните програми за млади лица со интелектуална попреченост се неопходни за да ги заштитат од сексуална злоупотреба | |
| …се обврза да работи со посредници и/или млади лица со интелектуална попреченост како дел од нејзиниот работен план и ова е договорено на ниво на раководители | |
| …ги мапира своите предности и знае кои области треба да ги развие за да спроведе успешни програми со посредници и/или млади лица со интелектуална попреченост | |
| …ги идентификува партнерските агенции кои можат да го поддржат спроведувањето на програмите | |
| …ги идентификува поединците во организацијата кои можат да спроведат програми; тие поединци исто така ги идентификуваа своите лични предности и области за развој и ќе употребат можностите за тренинг, менторирање и/или надзор за да им помогнат да ги развијат вештините и знаењата кои им се потребни | |
| …мапира и разви добро разбирање за националните и меѓународните услови кои се однесуваат на сексуалноста, сексуалната злоупотреба и младите лица со интелектуална попреченост | |
| …има добро знаење на законодавството за заштита на децата и ранливите возрасни во земјата и ги разбира системите за известување кои треба да се употребат ако едно младо лице со интелектуална попреченост открие злоупотреба или даде на знаење дека тој/таа можеби е во опасност од злоупотреба | |
| …има цврста политика (или развива политика) која ги прикажува во главни црти сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост и советува како треба да се одговори на нив во однос на сексуалните потреби и случаи на сексуална злоупотреба | |
| …има добро разбирање за специфичните прашања со кои се соочуваат младите лица со интелектуална попреченост, кои може да вклучуваат:<br>• дискриминација;<br>• неспособност да се препознае што е несогласно однесување и да се спротивстават на злоупотребливо однесување;<br>• недостаток на пристап кон соодветна едукација, информации и ресурси за прашањата во врска со сексуалноста;<br>• спреченост од родителите, негувателите и професионалните лица | |

| Организацијата… | ✓ или ✗ |
| --- | --- |
| безбедно да ја истражат својата сексуалност. | |
| …има добро разбирање за елементите на кои треба да се обрне внимание во една програма за посредници и/или млади лица со интелектуална попреченост | |
| …ја идентификува почетната точка за работата со посредници и/или млади лица со интелектуална попреченост и има јасен план кој го поддржува развивањето на таа работа | |
| …идентификува како ќе биде евалуирана работата и како ќе влијаат резултатите од евалуацијата врз идната работа. | |

# Заклучок

Следењето на чекорите во овој прирачник и неговото користење заедно со прирачниците за сензибилизирање на посредниците за сексуалните права на млади лица со интелектуална попреченост и оспособувањето на младите лица со интелектуална попреченост против сексуалната злоупотреба и насилство ќе ви помогнат да обезбедите дека вашата програма е кохерентна и дека ги задоволува потребите на оние кои се вклучени во неа, со крајна цел да се обезбеди дека сексуалните права на младите лица со интелектуална попреченост се поддржуваат и промовираат и дека тие се безбедни од сексуална злоупотреба.

# Додатоци

## Додаток 1: СЕКСУАЛНИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Овој печатен лист се базира врз претпоставката дека сексуалните права се дел од човечките права и ја дополнуваат слободата, рамноправноста и достоинственоста на сите луѓе.

Во октомври 2008, Меѓународната федерација за планирано родителство (МФПР) ја издаде публикацијата „Сексуални права: Декларација на МФПР“, која ја проширува „Повелбата за сексуалните и репродуктивинтеи права на МФПР“. Декларацијата беше развиена за да обезбеди дека сексуалните права, како човекови права, се почитувани и исполнети, така што сите поединци да можат да имаат контрола, слобода и избор во својот сексуален и репродуктивен живот. Нејзините темели се наоѓаат во сржта на меѓународните инструменти и стандарди на човековите права и ја поддржуваат вредноста дека сексуалната и репродуктивната слобода е основна за задоволувачки и исполнет живот. Лишувањето на поединците од нивната сексуална и репродуктивна слобода, им ја ускратува можноста да го живеат својот живот согласно личните внатрешни вредности и систем на верувања.

Додека Декларацијата обраќа внимание на сексуалните и репродуктивните права во најширок смисол, овој печатен лист, користејќи ги 10-те Члена истакнати во Декларацијата, се фокусира врз правата на лицата со интелектуална попреченост за сексуално здравје и благосостојба и да бидат признати како сексуални суштества.

### Член 1: Право на еднаквост, еднаква законска заштита и ослободеност од сите форми на дискриминација врз основа на полот, сексуалноста или родот

Без исклучоци, сексуалноста е интегрален дел на секое човечко суштество. Секој има право да ужива во сексуалните права за да врши активна улога во економските, социјалните, културните и политичките процеси во своето општество.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** нивната сексуалност да биде призната како позитивен аспект на нивниот живот и да биде законски заштитена од дискриминација.

### Член 2: Право на учество на сите лица, без разлика на полот, сексуалноста или родот

Сите луѓе имаат право да влијаат врз одлуките кои се однесуваат на работи кои директно влијаат на нивното здравје и благосостојба.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** да бидат поддржувани и застапувани за да им се овозможи целосно учество во развојот и имплементацијата на политиките кои одлучуваат за нивното сексуално и репродуктивно здравје, без бариери или услови.

### Член 3: Право на живот, слобода, лична безбедност и телесен интегритет

Здравјето на жените никогаш не треба да се базира врз какво било размислување, освен обезбедувањето на нејзината благосостојба и ниедна жена не смее да биде принудена да има деца.

Жените со интелектуална попреченост имаат **право** на едукација и учење за да го зголемат својот капацитет за пристап кон здравствени установи, услуги и услови кои им овозможуваат да носат информирани и согласни одлуки за своето сексуално и репродуктивно здравје.

### Член 4: Право на приватност

Секој има право да не биде жртва на субјективно вмешување во нивната приватност, вклучително и пристапот во репродуктивно-здравствените услуги и грижи.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** да биде почитувана и поддржана нивната приватност  и да се споделува само со оние кои се директно вмешани во согласните одлуки за нивната сексуалност, сексуалното однесување и интимност без неосновано вмешување.

### Член 5: Право на лична автономија и признавање пред законот

Секој го има правото да биде признат пред законот и да одлучува за својот живот во средина ослободена од дискриминација, насилство или злоупотреба.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** на транспарентен и доследен процес на оценување на капацитет кој им овозможува:

- да решаваат слободно за работи ко се однесуваат на сексуалноста
- да ги избираат своите сексуални партнери; и
- да бараат да го доживеат својот целосен сексуален потенцијал и задоволство во една законска рамка без дискриминација и со достојна почит кон другите.

### Член 6: Право на слободно размислување, мислење и изразување, право на здружување

Секој има право на слободно размислување, совест и религија без вмешување. Обратно, секој има право на пристап во репродуктивно-здравствени услуги и грижи без вмешување на личната совест и религија.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** да развиваат своја лична база на вредности и да го изразуваат своето мислење за сексуалноста и врските, и да имаат пристап во репродуктивно-здравствени услуги и грижи без вмешување на личната совест и религија на други лица.

### Член 7: Право на здравје и придобивки од научнитедостигнувања

Сите луѓе имаат право на највисокиот можен квалитет во здравствената грижа, вклучително и грижата поврзана со нивното сексуално и репродуктивно здравје, и да уживаат во придобивките од научниот напредок.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** на пристап во висококвалитетни здравствени услуги за сексуално и репродуктивно здравје кои ги изразуваат нивните специјални потреби, вклучително и користењето на достапен јазик од соодветно обучени лица.

### Член 8: Право на образование и информации

Секој има право на образование и информации претставени на еден објективен, критички и плуралистички начин.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** на сèопфатно образование за врските и сексуалноста базирано брз личното растење и развој, што им овозможува да развијат вештини за да ги применуваат своите сексуални права.

### Член 9: Право на избор за стапување во брак и засновање и планирање на семејство, кога и како да имаат деца

Секој има право слободно и одговорно да избере дали ќе склучи брак и да одлучи дали и кога ќе има деца.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** слободно и со целосна согласност да склучуваат брак или други партнерски аранжмани и дали ќе имаат деца.

### Член 10: Право на отчетност и надомест

Секој има право на ефективни, адекватни, достапни и соодветни едукативни, законски, судски и други мерки, со кои се обезбедува и налага дека оние, кои имаат службена должност да ги поддржуваат сексуалните права се целосно одоговорни да им даваат отчет.

Луѓето со интелектуална попреченост имаат **право** да ги повикуваат на отчет оние кои би се обидувале незаконски да ги злоупотребат нивните сексуални права.

За подетална анализа на секој член од Декларацијата,  погледнете: International Planned Parenthood Federation (IPPF) (2008) *Sexual rights: an IPPF declaration.* Лондон: МФПР.

# Референтна литература


- Комисија за рамноправност и човекови права (2010) The United Nations Convention on the Rights of of People with Disabilities: What does it mean for you? [Easy Read]. Лондон: Комисија за рамноправност и човекови права
  Достапно на http://www.equalityhumanrights.com/uploaded_files/publications/uncrpd_guide_easyread.pdf

- Меѓународна федерација за планирано родителство (МФПР) (2008) Sexual rights: an IPPF declaration. Лондон: МФПР
  Достапно на http://www.ippf.org/resource/Sexual-Rights-IPPF-declaration

- Меѓународна федерација за планирано родителство (МФПР) (2009) Sexual rights: an IPPF declaration – Abridged version. Лондон: МФПР
  Достапно на http://ippf.org/resource/Sexual-Rights-IPPF-declaration-abridged

- Меѓународна федерација за планирано родителство (МФПР) (2010) IPPF Framework for Comprehensive Sexuality Education. Лондон: МФПР
  Достапно на http://ippf.org/resource/IPPF-Framework-Comprehensive-Sexuality-Education

- Меѓународна федерација за планирано родителство (МФПР) (2011) Keys to youth-friendly services: Adopting a sex-positive approach. Лондон: МФПР
  Достапно на http://ippf.org/resource/Adopting-sex-positive-approach

- Обединети нации (ОН) (2006) Convention on the Rights of Persons with Disabilities. Њујорк: Обединети Нации
  Достапно на http://www.un.org/disabilities/convention/conventionfull.shtml

- Образовна, научна и културна организација на Обединетите Нации (УНЕСКО) (2009) Меѓународна техничка помош за сексуална едукација: International Technical Guidance on Sexuality Education: An evidence-informed approach for schools, teachers and health educators – Volume I: the rationale for sexuality education. Париз: УНЕСКО
  Достапно на http://unesdoc.unesco.org/images/0018/001832/183281e.pdf

- Образовна, научна и културна организација на Обединетите Нации (УНЕСКО) (2009) International Technical Guidance on Sexuality Education: An evidence-informed approach for schools, teachers and health educators – Volume II: Topics and learning objectives. Париз. УНЕСКО
  Достапно на http://unesdoc.unesco.org/images/0018/001832/183281e.pdf